РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП-I бр. 25 – 93
27 06 16.2016 година
С к о п ј е

Министерот за економија врз основа на член 21 став 7 од Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/08, 119/10, 36/11, 136/11, 164/13, 41/14, 33/15, 16/15, 154/15 и 53/16), постапувајќи по барањето на правното лице Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ИТИ ДООЕЛ, Скопје, УП-I бр. 25–93/1 од 10.06.2016 година , министерот за економија донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема на лифтови, ескалатори, дигалки и транспортери**

1. Се донесува Решение на правното лице Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ИТИ ДООЕЛ, Скопје, за исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на техничка опрема на лифтови, ескалатори, дигалки и транспортери согласно член 2 став 1 алинеи 1, 2, 3,4, 5, 6, 7, 8 и 9 од Правилникот за лифтови и транспортери („Службен весник на Република Македонија", бр.26/09 ) и согласно член 2 точки а),б), в) и г) од Правилникот за користење на дигалки и индустриски транспортери („Службен весник на Република Македонија", бр.32/09 ).

2. Правното лице од точка 1 на ова решение е должно постојано да ги исполнува условите од членовите 23 до 26 од Законот за техничката инспекција. Доколку правното лице престане да ги исполнува условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања, Државниот инспекторат за техничка инспекција е должен да го извести Министерството за економија веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на престанувањето на исполнувањето на условите.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 21 од Законот за техничката инспекција, правното лице Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ИТИ ДООЕЛ, Скопје поднесе барање бр. 10 -1147/1 од 20.05.2016 година до Државен инспекторат за техничка инспекција за утврдување на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на техничка опрема- на лифтови, ескалатори, дигалки и транспортери согласно член 2 став 1 алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од Правилникот за лифтови и транспортери („Службен весник на Република Македонија", бр.26/09 ) и согласно член 2 точки а), б), в) и г) од Правилникот за користење на дигалки и индустриски транспортери („Службен весник на Република Македонија", бр.32/09 ).

Државниот инспекторат за техничка инспекција по спроведената постапка за проверка на приложената документација согласно Законот за техничката инспекција и Правилникот за лифтови и транспортери („Службен весник на Република Македонија", бр.26/09 ) и Правилникот за користење на дигалки и индустриски транспортери („Службен весник на Република Македонија", бр.32/09 ), утврди дека правното лице Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ИТИ ДООЕЛ, Скопје ги исполнува условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на техничката опрема од точка 1 на ова Решение и со допис бр. УПI 25-93/1 од 10.06.2016 година до Министерството за економија достави Известување за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на лифтови, ескалатори, дигалки и транспортери.

Кон барањето се поднесени следните документи:
-Документ за регистрирана дејност издаден од Централниот регистар на Република Македонија деловоден бр. 35020160008161 од 15.03.2016 година;
-Полиса за осигурување од професионална одговорност од штета од Еуролинк Осигурување АД-Скопје бр. 130170000598/00 со важност до 04.05.2017 година;
-Изјава од управителот на правното лице Институт за техничко испитување и безбедносен инженеринг ИТИ ДООЕЛ, Скопје за доставување на доказ за билансот на состојба и податоци од билансот на успех од Централен регистар на Република Македонија бр.13/16 од 20.05.2016 година;
-Сертификат за акредитација бр. ИТ-098 од 18.05.2016 година со важност до 17.05.2020 година со Прилог за опсегот на акредитација на инспекциското тело од 18.05.2016 година со кои се опфатени подрачјата согласно член 2 став 1 алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од Правилникот за лифтови и транспортери („Службен весник на Република Македонија", бр.26/09 ) и согласно член 2 точки а), б), в) и г) од Правилникот за користење на дигалки и индустриски транспортери („Службен весник на Република Македонија", бр.32/09); и
-Докази за вработениот стручен кадар: Дипломиран Машински инженер – Сековски Горан, Дипломиран машински инженер Јовановски Драге, Електротехничар за јака струја Митковски Драги.
-Потврда за не изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност или должност издадена од Централниот регистар на Република Македонија деловоден

бр. 0808-50/150120160032890 од 19.05.2016 година;
-Документ за не изречена кривична судска одлука издаден од Централниот регистар на Република Македонија деловоден бр. . 0808-50/150120160032889 од 19.05.2016 година;
- Листа на мерните уреди Д.6.2.1.1 од 09.04.2016 година на ИТИ ДООЕЛ Скопје.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање и одредбите од Законот за техничка инспекција и Правилникот за лифтови и Правилникот за користење на дигалки и индустриски транспортери, утврди дека барањето е основано.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение незадоволната странка има право да поведе управен спор во рок од 8 дена, од денот на приемот на истото до Управниот суд на Република Македонија.

**МИНИСТЕР,**
**Driton Kuqi**